# МИСИОНСКИ
## ПРОПОВЕДИ





ЧЕТВРТО ТРИМЕСЕЧЈЕ 2017

*Сабота, 7 октомври 2017*

# БИБЛИСКА ОСНОВА ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НОВИ ЦРКВИ И ЕВАНГЕЛИЗИРАЊЕ

*Матеј 28,18-20*

**Вовед:** Еден човек во Марко 16,14 прочитал дека Исус ни рекол да одиме по целиот свет и да го проповедаме Евангелието. Бидејќи искрено сакал да биде послушен на Господовата заповед, собрал илјадници долари и отпатувал во 143 различни земји за да го проповеда Евангелието. Сепак, тој погрешно разбрал што сака Бог од него. Кога ќе стигнел на аеродромот во секоја земја, одел во градот и застанувал на средината од најголемиот пазар што можел да го пронајде, проповедал еден час и потоа заминувал на друга дестинација.

По една година патување во секоја земја за која можел да добие виза, човекот се вратил дома и рекол, „Сега кога го исполнив она што Господ ми рече да го направам, можам да се вратам на своето занимање како учител и на другите да им раскажувам за она што го направив",

Сиромашкиот човел бил заведен. Не го разбрал библискиот мандат, библиската порака, моделот и методите на Христовиот голем налог кој е запишан во Матеј 28,18-20.

„А Исус, кога се приближи, проговори и рече: „Ми се даде секаква власт на небото и на земјата. Одете и научете ги сите народи, крштавајќи ги во името на Отецот, и Синот, и Светиот Дух, и учејќи ги да пазат сè што сум ви заповедал; и ете, Јас сум со вас преку сите дни до свршетокот на светот."

## I. Мандат за евангелизација и организирање на цркви

А. Бог го повикал Аврама и направил завет со него (1. Мојсеева 12,1-4) ветувајќи дека ќе го благослови него и сите негови потомци.

Б. Исус го утврдил тој мандат за своите ученици во Матеј 28,18-20, и тука нагласил дека треба да одат кај сите народи, не само меѓу Евреите. Во оригиналниот јазик, за изразот „сите народи“, се користи зборот „Та етне“ што значи сите луѓе.

1) Господ очекува да го проповедаме евангелието на секоја група на луѓе.

2) Треба да постои црква за секоја група на луѓе.

Пример: Се проценува дека денес има 17,500 различни човечки групи на светот. Човечките групи се племиња, јазични групи, интересни групации, касти или класи кои себеси се сметаат за единствени. Отприлика околу 5000 од овие групи сè уште не слушнале за Христа. Многу од тие групи се наоѓаат во земјите како што се Нигерија, каде уште никој не успеал усшешно да стигне до нив со Евангелието.

Потребно е некои групации, кои порано го слушнале Евангелието, повторно да бидат евангелизирани, бидејќи се вратиле на своите стари патишта.

В. Зборовите во Дела 1,8 ни кажуваат дека нашиот извор на сила за да бидеме Христови сведоци се наоѓа во личноста на Светиот Дух.

Г. Во Матеј 9,36-38 Исус ни дал мандат да се молиме додека го гледал народот и направил една позната паралела – како овци без пастир: „А штом виде многу народ, се сожали, зашто беа изморени и беспомошни како овци без пастир. Тогаш им рече на Своите ученици: ’Жетвата е голема, а работници има малку; Затоа молете Го ГОСПОДАРОТ НА ЖЕТВАТА да испрати работници на Својата жетва.’“

1) Бог е мисионерски Бог, Христос е мисионерски Христос, а Светиот Дух е мисионерски Дух!

2) Господ очекува да бидеме вклучени во мисијата да ги доведуваме изгубените души кај Него. Не треба сето свое време да го поминуваме решавајќи ги проблемите на луѓето во црквата.

3) Господ ни кажува да бараме од Господарот да ни ис-

прати уште работници. Бог е оној кој убедува, води, управува и ги повикува своите евангелисти, пастори, учители и работници во неговото поле.

Д. Во Јован 15,16 Исус вели: „Вие не Ме избравте Мене, туку Јас ве избрав вас и ве поставив да одите и да бидете плодоносни, и плодот ваш да остане, та, што и да посакате од Отецот во Мое име, да ви даде.“

1) Христос повикува одредени луѓе во служба на евангелизмот, мисијата и организирањето на цркви. Тој им дава соодветни дарови за да ја одработат Неговата работа.

2) Не можат сите да бидат успешни во организирањето на цркви и во мисионската работа. Господ мора да ве води за да можете тоа да го правите.

3) Ние сме повикани да проповедаме, да учиме и да носиме плодови.

Пример - Еден мисионер во едно место во Африка работел 30 години и за тоа време крстил само 20 луѓе. Кога си заминал, мисионерската станица се затворила затоа што немало никој кој би сакал да го замени. Многу години подоцна, поглавицата пронашол неколку евангелски трактати што ги оставил мисионерот. Кога ги прочитал, Светиот Дух го убедил да стане христијанин. Следното утро на народот во своето племе му раскажал за својата одлука. Многумина се расправале со него дека демонот го излажал за да донесе ваква неразумна одлука, но тој бил упорен во својата одлука да го следи Христос како Господ и Спасител.

Денес во тоа село има мала црква која ја води тој поглавица. Иако мисионерот не ја доживеал жетвата на својот труд, семето кое било посеано пред 30 години не било залудно. Исус рекол: „Не велите ли вие дека уште четири месеци, па ќе настане жетва? А јас, пак, ви кажувам: подигнете го погледот и видете ги нивите како побелеле, готови за жетва. И жетварот веќе добива плата и собира плод за вечен живот, та да се радуваат заедно и сејачот и жетварот. Зашто во ова вистинита станува поговорката: ‚Еден сее, а друг жнее.‘ Јас ве испратив да го жнеете она за

што не сте се труделе; други се трудеа, а вие влеговте во нивниот труд.”

Ѓ. Божјиот мандат за светска евангелизација се наоѓа во неговите созданија (Сите човечки битија се одговорни за заедницата со Него, да му дадат слава, да ја творат неговата волја и да го познаат - 1.Коринќаните 1,9).

Е. Божјиот мандат за мисијата се наоѓа во Неговото ветување (Завет со Аврам – „идејќи сите ветувања Божји во Него се „Да”, и во Него „Амин”, за слава Божја преку нас.“ - 2. Коринќаните 1,20).

Ж. Божјиот мандат за евангелизација се наоѓа во Христа (Јован 3,16)

З. Божјиот мандат за евангелизација се наоѓа во Светиот Дух. „А Тој, кога ќе дојде, ќе го изобличи светот за грев, и за правда, и за суд“ - Јован 16,8.

И. Божјиот мандат за евангелизација се наоѓа во Неговата црква, Неговото тело, црквата, има наредба да проповеда сè додека Христос не се врати.

**II. Порака за светската евангелизација, мисијата и организирањето на цркви**

А. Евангелизмот е дефиниран на следниот начин: Да се евангелизира значи да се шири добрата вест дека Исус Христос умрел за нашите гревови и дека станал од мртвите, според Писмото, и дека сега, како Господар кој владее, ни нуди проштавање на гревовите и ни го дава дарот на Духот на сите кои се каат и веруваат“.

Б. Постои една порака на евангелието, но таа може да се изрази на различни културолошки соодветни начини.

Пример – Апостолите на разни начини го изразувале евангелието:

1. Жртвено јагне – пролевање на Христовата крв.

2. Месијанско – Доаѓање на ветениот Месија и владетелот.

3. Нов законски систем – судија кој објавува дека на грешниците им е простено и дека се праведни.

4. Личен татко – Оној кој го смирува заталканиот народ и го враќа во своето семејство.

5. Ослободител – оној кој доаѓа да ги спаси беспомошните.

6. Овчар – Оној кој заминува да ја бара изгубената овца.

7. Земјоделец – кој излегол да го посее своето семе.

8. Рибар – Го праша пак, повторно: „Симоне Јованов, Ме љубиш ли?" Петар Му кажа: „Да, Господи, Ти знаеш дека Те љубам!" Исус му рече: „Паси ги овците Мои!" - Јован 21,6.

9. Личност која го бара изгубениот денар – Оној кој има света итност да ги пронајде изгубените!

В. Евангелието не треба да се промени, туку обликот во кој тоа се изнесува може да биде различен за да биде во согласност со потребите на слушателите.

**III. Модел за евангелизам, мисија и организирање на црквите**

А. Моделот е пример кој треба да го имитираме или пример кој треба да го следиме.

Христос е нашиот модел за евангелизам, мисија и организирање на црквите.

a. Идентификација – Христос дошол на земјата и станал човек. Тој привремено ги предал своите божествени права и станал 100% човек, а едновремено 100% ја одржал својата божествена природа.

„Но Сам Себе се понизи, земајќи лик на слуга се изедначи со луѓето и по изглед се покажа како човек; Сам Себе се понизи, послушен сè до самата смрт, смрт на крст. Па затоа и Бог Го превозвиши и Му даде име што е над секое име" (Филипјаните 2,7.8.)

Б. Јазик – Христос научил да го зборува јазикот на народот (Јован 1,14)

В. Култура – Христос ја научил културолошката димензија во проповедање на евангелието. Ги учел рибарите преку својот живот, своите асоцијации, своите учења, своите средби со човечките проблеми.

Д. Мотивација – Христос научил што ги мотивира луѓето и рекол „И им рече: „Појдете по Мене и Јас ќе ве направам ловци на луѓе" (Матеј 4,19). Ги мотивирал да се стремеат кон вечните работи.

Ѓ. Војник – Подготвен за спротивставување и отфрлување – Христос сфатил дека сите нема да ја прифатат Неговата порака.

Е. Учеништво – Христос поставил дванаесетмина да бидат со Него и Тој да може да ги испраќа да проповедаат (Марко 3,14).

Ж. Проповедање – Христос им покажал на учениците како да проповедаат, како да го објавуваат евангелието, едноставно, јасно и храбро.

З. Учење – Исус бил врвен Господар учител…„Во Кого се скриени сите сокровишта на мудроста и знаењето“ (Колошаните 2,3).

Ѕ. Мисионер – „Не грижете се секој само за себе, туку и за другите! 5 Бидејќи вие треба да ги имате истите мисли, што ги има Исус Христос“ (Филипјаните 2,4.5).

И. Пророк – Христос рекол, „ Не, ви велам: но ако не се покаете, сите така ќе изгинете“ (Лука 13,5).

Ј. Пастор – Христос рекол, „Јас сум добриот Пастир. Добриот пастир си ја полага својата душа за овците“ (Јован 10,11).

**IV. Сила за евангелизам, мисија и организирање на цркви**

Силата подразбира авторитет, кредибилитет, снага, енергија порив, мотивација, влијание, заштита, оспособување, спроведување и посредување. Сето тоа доаѓа од Светиот Дух, Библијата и Христа.

А. Евангелистот е беспомошен ако се потпира само на својата сила за да ја работи мисионерската работа (2. Коринчаните 3,5.6).

Б. Мисионерот е мошне ранлив пред нападите ако го нема сето духовно оружје кое ни го дава Бог.„ Оружјето на нашето војување не е телесно, но со помошта Божја станува моќно за рушење тврдини; со него ние уништуваме мудрувања“ (2. Коринќаните 10,4). Нашата борба е „против началствата, против властите, против светските владетели на темнината на овој век: против духовните сили на злото во небесните места“, против демоните, измамите, против силата на темнината на овој свет и духовните сили на злото (Ефесјаните 6,10-18). Затоа треба да се облечеме во сето божествено оружје што ни стои на располагање:

1. Духовен меч – Библијата

2. Појасот на вистината – искрен карактер

3. Оклопот на правдата – Христовата припишана праведност

4. Шлемот на спасението – сигурност во спасението

5. Нозе обуени во ревноста за евангелието на мирот – Обучување

6. Штитот на вера – заштита против нападите на сатаната

7. Молитва во духот – Свесност, зависност и надеж!

Заклучок – Силата која што ја имаме за евангелизирање и мисија е прикажана преку приказната за еден човек кој бил член на девет тајни друштва. Овој човек својата сила ја користел за да се вовлече во домовите на луѓето, ја труел нивната храна, ги палел нивните куќи, ги прислушкувал нивните разговори, сето тоа со помош на една амајлија која му овозможувала привремено да биде невидлив.

Еден ден, додека поминувал покрај куќата на пасторот носејќи ја својата амајлија за невидливост, пасторот му рекол, „Дојди ваму, сакам да разговарам со тебе“. Човекот се исплашил од силата на пасторот бидејќи никогаш никој не го видел додека ја носел својата амајлија, па избегал. Следниот ден дошол во куќата на пасторот, а неговата амајлија била засилена со посебен прав, но пасторот повторно рекол, „Дојди ваму, сакам да ти кажам за силата на Исус Христос која може да ти ги прости сите гревови“. Пасторот можел да го види човекот поради големата

Божја моќ.

Два месеци подоцна човекот бил под толку големо влијание на Светиот Дух кој го уверил во страшните работи што ги правел и поради тоа отишол во куќата на пасторот. Пасторот му рекол на човекот дека единствен начин на кој може да раскине со своите стари патишта е да ги донесе сите свои амајлии, идоли и предмети што им припаѓаат на тајните друштва во куќата на пасторот, каде јавно ќе бидат запалени. Човекот се двоумел, но на крајот се согласил. Тој ден лошиот човек му го предал својот живот на Исуса Христа.

Набргу потоа неколку луѓе се обиделе да го убијат овој човек, но не успеале. Ги киднапирале неговите деца и се обиделе да го отрујат. Некои дури и се обиделе да ја запалат неговата куќа и да украдат некои доверливи документи, но не успеале. Еден ден, додека човекот со својот автомобил патувал во градот, еден камион се обидел да го прегази, но Бог предизвикал виор кој го подигнал човекот над камионот и повторно безбедно го спуштил на земјата. Во меѓувреме камионот се лизнал во бездната и возачот настрадал. Затоа што се преобратил, Бог неколку пати на овој човек му го спасил животот.

Сега овој бивш лош човек проповеда за Христа, прикажува евангелски филмови и преобратува стотици луѓе!

*Сабота 4 ноември 2017*

## ВИСТИНСКИ УЧЕНИК

Матеј 28,18-20

**Дали си ученик?**„Тогаш Исус им се приближи и им рече: „Дадена Ми е сета власт на небото и на земјата. 19 Така одејќи, направете ги сите народи Мои ученици, крштавајќи ги во името на Таткото и Синот и Светиот Дух! Учејќи ги да пазат сѐ што Сум ви заповедал! И еве, Јас Сум со вас во сите дни до свршето-

кот на светот. Амин!“ (Матеј 28,18-20).

Исус наредил...

а. Одете и научете ги сите народи

б. Учете ги сите да го држат она што ви го заповедав

## I. ДЕФИНИЦИЈА НА УЧЕНИКОТ

Грчки збор за ученик е „матхетес“. Зборот во разни облици се појавува 289 пати. Во одредно време „матхетес“ означувал приправник или ученик кој припаѓал на некој учител или движење.

Во Новиот завет овој збор се користи за точна поврзаност со некој во ученииштвото. Во Античка Грција тоа значело да се врзеш себеси за некого, за да се научи неговото практично и тоеретско знаење, на пример, ковачки занает, уметност, итн. Ова, исто така, било популарно и во филозофските школи. На пример, Платон бил ученик на Сократ. Тоа било промена на начинот на живот, нов начин на размислување.

Многу пати начинот на кој човекот се облекува, покажувал на која филозофска школа припаѓа.

Ученик. Од грчкиот глагол „мантхано“ што значи да учи, известува, да го зголемува знаењето. Потекнува од зборот „матхетес“ што значи ученик, оној кој следи нечие учење; и „матхетеуо“, што значи да ги следи правилата и упатствата на другиот, да биде негов ученик; исто така, да стане ученик, да учи, да упатува.

## II. ЦЕЛ НА УЧЕНИШТВОТО

А. Да се биде како Христос

Лука 6,40

„Нема ученик над својот учител, секој кој ќе се усоврши ќе биде како Неговиот учител.“ (Караџиќ-Даничиќ)

„Ниту еден ученик не е поголем од својот учител - и потполно научен, ќе стане само како учителот“ (Според современиот српски превод)

„Ученикот не е над учителот. И кој е целосно доучен, ќе биде

само како неговиот учител“ (Според превото Стварност)

Б. Покорување на Христовиот лик

Римјаните 8,29

„Зашто оние, кои однапред ги позна, нив и ги предопредели да бидат сообразни со ликот на Неговиот Син, та Тој да биде прворoден меѓу многуте браќа“

Учителу голем, учи н со својата вешта рака;
не дозволувај да умре музиката која е во нас!
Скулптору голем, изделкај н и измазни н,
не дозволувај Твојот лик да се изгуби и скрие, туку нека лежи во нас!

(Хорације Бонар)

В. Исполнети со Христовата полнота

Ефесјаните 4,11-13:

„И Тој постави едни за апостоли, други за пророци, трети за благовестители, четврти за пастири и учители, за усовршување на светиите во делото на служењето, за изградување на Христовото тело, додека сите не го достигнеме единството на верата и познанието на Синот Божји, до состојба на совршен човек, до мера на возраста на Христовата полнота“.

Ефесјаните 3,17-19:

„И преку верата Христос да се всели во срцата ваши, та вкоренети и утврдени во љубовта да можете да разбирате со сите светии што е ширина и должина, што е длабочина и височина, и да ја осознаете Христовата љубов што го надминува секое знаење, за да се исполните со сета полнота Божја.”

„Зашто во Него телесно живее сета полнота на Божеството“ (Колошаните 2,9).

Г. Обликувани од раката на грнчарот

Исаија 64,7.8:

„Нема никој кој би го повикувал Твоето име, кој би установил да се држат здраво за Тебе: затоа Ти го сокри лицето Свое од нас и нè остави да гинеме од беззаконијата свои. Но сега, Госпо-

ди, Ти си наш Татко; ние сме глина, а Ти - наш грнчар, сите сме дело на Твоите раце“ Еремија 18,1-4:

„Слово Господово што дојде до Еремија: стани и слези во домот на грнчарот, и таму ќе ти ги кажам зборовите Мои. Слегов во домот на грнчарот, а тој ја вршеше својата работа на тркалото. Садот, пак, што го правеше грнчарот од глина, се растури во рацете негови. Но тој одново направи од него друг сад, како што му падна на ум да направи“.

## II. ЦЕЛТА НА УЧЕНИШТВОТО

А. Да се истрае во Христовата реч

Јован 8,31:

„Тогаш Исус им говореше на Јудејците, што беа поверувале во Него: „Ако вие останете во Моето слово, навистина ќе бидете Мои ученици“.

Б. Да биде творец на речта

Матеј 7,21-27

„Не секој што Ми вели: ‚Господи, Господи‘, ќе влезе во царството небесно, туку оној што ја исполнува волјата на Мојот Отец небесен. Мнозина ќе Ми речат во оној ден ‚Господи, Господи, нели во Твое име пророкувавме? И зар во Твое име демони не изгонувавме? И нели во Твое име многу чуда правевме?‘ И тогаш Јас ќе им кажам: ‚Никогаш не сум ве познавал; бегајте од Мене вие што правите незаконски дела!‘“ „И така, секој што ги слуша и ги исполнува овие Мои зборови, ќе биде како мудар човек кој си изградил куќа на камен. И заврна дожд и надојдоа реки, и дувнаа ветрови, и навалија на таа куќа, но таа не падна, зашто беше изградена на камен. А секој, што ги слуша овие Мои зборови и не ги исполнува, прилега на глупав човек, кој си изградил куќа на песок. И заврна дожд, и надојдоа реки, и дувнаа ветрови, и навалија на таа куќа, и таа падна, а паѓањето и беше страшно.”

Јаков 1,22-2,1:

„Бидете извршители на словото, а не само слушатели, мамејќи се сами себе. Зашто, кој го слуша словото, а не го извршува, тој прилега на човек кој го гледа своето сопствено лице во огледало; ќе се погледне, па ќе си замине, и веднаш заборава каков бил. Но кој ќе се задлабочи во совршениот Закон на слободата и остане во него, тој, бидејќи не е заборавлив слушател, туку извршител кој дејствува, ќе биде блажен во своето дејствување. Ако некој од вас мисли дека е побожен, а не го зауздува јазикот свој, туку го мами срцето свое, неговата побожност е суетна. Чиста и непорочна вера пред Бога Отецот е оваа: да се грижиш за сираци и вдовици во нивните маки и да се пазиш да останеш неосквернет од светот. Браќа мои, држете ја непристрасно верата во Исус Христос, нашиот Господ на славата!"

Премногу христијани ги бележат своите Библии, но нивните Библии никогаш не ги обележуваат нив!

Пример: Научи да свириш хармоника.

*Три служби на Божјата Реч кои служат како огледало:*

***I Преиспитување (стихови 23-25)***

Главна цел на огледалото е да се погледнете себеси и да се направите себеси чисти и уредни колку што е можно.

Додека во огледалото ги гледаме Божјите зборови, се гледаме себеси какви што сме. Јаков спомнува неколку грешки кои луѓето ги прават додека се гледаат во Божјото огледало ако се само слушатели, а не и творци на речта.

1. Тие само ќе фрлат поглед на себе.

Тие невнимателно ја читаат Божјата реч или имаат невнимателен став кон вистинското проучување на Писмото. Површното читање на Библијата никогаш не ги открива нашите најдлабоки потреби.

2. Тие го заборааат она што го виделе (Божјата светост и нивната грешност).

Кога би можеле подлабоко да погледнат во своето срце, никогаш не би го заборавиле она што го виделе.

Исаија извикал, „Тешко мене, зашто сум човек со нечиста уста и живеам среде народ исто така со нечиста уста, - а очите мои Го видоа Царот, Господ Саваот“ (Исаија 6,5).

Петар извикал, „Оди си од мене, Господи, зашто сум грешен човек!“ (Лука 5,8).

3. Тие одбиваат да го слушаат она што Речта им налага да го направат.

***II. Обновување***

2. Мојсеева 38,8

„Направи и мијалник од бакар и подножје од бакар со убави шарки, кои го красеа влезот на скинијата.“

Кога го градел шаторот за состаноци, Мојсеј зел метални огледала од жените и од нив направил мијалник. Мијалникот бил голем базен кој стоел помеѓу бронзениот жртвен олтар и светињата. Мијалникот бил полн со вода, и свештениците тука ги миеле рацете и нозете пред да влезат во светињата да служат.

1. Водата за миење е слика на Божјата Реч која има сила да чисти.

Јован 15,3

„Вие сте веќе чисти преку словото, што сум ви го проповедал.“

Ефесјаните 5,26

„ за да ја освети, очистувајќи ја со водна бања преку словото.“

Јован 17,17

„Посвети ги со Својата вистина. Твоето слово е вистина.“

Кога грешникот ќе поверува во Христос, тој се мие од гревовите.

Коринќаните 6,9-11

„Или не знаете дека неправедните нема да го наследат царството Божјо? Не лажете се: ни блудниците, ниту идолопоклониците, ни ракоблудците, ни мажеложниците, ниту крадците, ни ко-

ристољупците, ни пијаниците, ниту хулниците, ни разбојниците нема да го наследат царството Божјо. А такви беа и некои од вас; но се измивте, се осветивте, се оправдавте во името на нашиот Господ Исус Христос преку Духот на нашиот Бог."

Огледалото на Речта не само што н испитува и ги открива нашите гревови, туку ни помага и да се исчистиме (1. Јованово 1,9).

***III. Промена***

2. Коринќаните 3,17.18

„ А Господ е Духот; а каде што е Духот Господов, таму има слобода. 18 Ние, пак, сите со откриено лице, како во огледало гледајќи ја славата Господова, се преобразуваме во истиот лик, од слава во слава, како од Духот Господов."

Зборот „се менува" на грчки ни го дава зборот „метаморфоза" промена на надворешноста која потекнува од промената на внатрешноста. Кога грозната гасеница ќе се претвори во прекрасна пеперутка, тоа е метаморфоза. Кога верникот го поминува времето гледајќи во Речта и Христос, тој се менува: славата однатре се гледа и однадвор.

Римјаните 12,2

„А Господ е Духот; а каде што е Духот Господов, таму има слобода. Ние, пак, сите со откриено лице, како во огледало гледајќи ја славата Господова, се преобразуваме во истиот лик, од слава во слава, како од Духот Господов."

Псалм 139,23.24.

„Испитај ме, Боже, и познај го срцето мое; испитај ме и запознај ги патеките мои; 24 и види дали сум на пат на беззаконија, и упати ме на вечен пат."

Јованово 1,8

„Ако кажеме дека немаме грев, се лажеме сами себе, и вистината не е во нас."

Наша прва одговорност е да ја примиме Речта. Потоа мораме да ја спроведеме Речта, или, во спротивно, се залажуваме се-

беси. Тоа доведува до третата одговорност.

### *III. КАРАКТЕРИСТИКИ НА УЧЕНИКОТ*

А. Да истрае во Христовата Реч
Б. Да биде творец на Речта
Испитување
Обновување
Промена

### *IV. ДЕФИНИРАНА ЦЕНА НА УЧЕНИШТВОТО*

А. Христос мора да биде прв во вашиот живот
Лука 14,25-33

„Со Него одеше многу народ; и Тој се заврте и им рече: „Ако некој дојде кај Мене и не го намрази татка си и мајка си, жена си и децата свои, браќата и сестрите, па дури и душата своја, тој не може да биде Мој ученик. И, кој не го носи својот крст, и не оди по Мене, не може да биде Мој ученик. Зашто, кој од вас, кој сака да ѕида кула, нема да седне најнапред за да направи сметка колку ќе чини и дали има сè што е потребно за нејзиното довршување? Во спротивно, ако веќе ги поставил темелите, а не може да ја доврши, сите што гледаат, ќе почнат да му се смеат, и да зборуваат: ‚Овој човек почна да ѕида и не може да доврши.‘ Или кој цар, кога тргнува во војна против друг цар, нема да седне најнапред да се посоветува, може ли со десет илјади да издржи пред оној што иде против него со дваесет илјади? Ако не може, додека е другиот уште далеку, ќе прати пратеници и ќе моли за мир. Така и ниеден од вас, кој нема да се откаже од сè што има, не може да биде Мој ученик."

Б. Мораме да се откажеме од себе
Лука 9,23-25

„А на сите им зборуваше: „Ако некој сака да оди по Мене, нека се одрече од себе самиот, нека го земе крстот свој и секој ден

нека Ме следи! Зашто, кој сака да го спаси животот свој, ќе го загуби; а кој ќе го загуби животот свој заради Мене, тој ќе го спаси. Зашто, каква му е ползата на човека, ако го добие целиот свет, а себе самиот се изгуби или си направи штета?

Лука 14,27

„И, кој не го носи својот крст, и не оди по Мене, не може да биде Мој ученик."

Постоело време кога смртните казни се извршувале јавно. Осудениот криминалец бил воден по улицата пеш или на кола до местото на погубувањето, а народот, кој ја гледал оваа тажна поворка, знаел што се наоѓа на крајот од патот. Личноста која се наоѓала на патот кон губилиштето морала да ја отфрли секоја земна надеж и амбиција.

В. Одрекување од земниот имот

Лука 14,33

„Така и ниеден од вас, кој нема да се откаже од сè што има, не може да биде Мој ученик."

## *IV. ДЕФИНИРАНА ЦЕНА НА УЧЕНИШТВОТО*

Христос мора да биде прв во вашиот живот

Мораме да се откажеме од себеси.

Одрекување од земниот имот

## *V. КОНЕЧНА НАГРАДА НА УЧЕНИКОТ*

А. Ветување на идните благослови (вечност со Бог, слобода од болка, тага и смрт)

Откровение 21,1-8

„Откровение на Исус Христос, кое Му го даде Бог, за да им го покаже на слугите Свои она што треба да стане скоро. Тој го најави тоа испраќајќи го Својот ангел на слугата Свој Јован, Кој го посведочи словото Божјо и сведоштвото на Исус Христос, и сè што виде. Блажен е оној кој чита и оние кои ги слушаат зборовите на ова пророштво и пазат на напишаното во него; зашто

времето е блиску. Јован - до седумте цркви, што се во Азија: благодат вам и мир од Оној, Кој е, и Кој бил, и Кој иде, и од седумте духови кои се пред Неговиот престол, и од Исус Христос, Кој е верен сведок. Првороден од мртвите и Господар на земните цареви. Нему, Кој нè возљуби и изми од нашите гревови преку Својата крв и Кој нè направи пред Бога и Неговиот Отец царство на свештеници, слава и власт во вечни векови. Амин! Ете, иде со облаци, и ќе го види секое око, и оние што Го прободоа; и ќе се расплачат пред Него сите племиња на земјата. Да. Амин! Јас сум Алфа и Омега, почеток и крај - вели Господ, Кој е, Кој беше, и Кој иде, Седржителот."

Б. Ветување за сегашните благослови

1. Мир – Јован 14,27

„Мир ви оставам; мирот Свој ви го давам; Јас ви го давам, но не како што го дава светот. Да не се плаши срцето ваше, ниту да страхува."

2. Љубов – Јован 15,9

„Како што Ме возљуби Отецот, и Јас ве возљубив вас. Останете во Мојата љубов!"

3. Радост – Јован 15,11

„Ова ви го реков за да остане радоста Моја во вас и радоста ваша да биде полна."

4. Исполнување на секоја земна потреба – Матеј 6,33.34

„Но барајте го најнапред царството на Бога и Неговата правда, и сè ова ќе ви се придодаде."

Филипјаните 4,19

„ 19 Мојот Бог, по Своето богатство, нека ја исполни секоја ваша потреба, за слава преку Христос Исус."

V. КОНЕЧНА НАГРАДА НА УЧЕНИКОТ

А. Ветување на идните благослови (вечност со Бог, слобода од болка, тага и смрт)

Б. Ветување за сегашните благослови

1. Мир - Јован 14,27
2. Љубов - Јован 15,9
3. Радост - Јован 15,11
4. Исполнување на сите земски потреби - Матеј 6,33.34.

*Сабота, 2 декември 2017*

## ОДЕТЕ, ОДЕТЕ, ОДЕТЕ

Матеј 28,18-20

„А Исус, кога се приближи, проговори и рече: ’Ми се даде секаква власт на небото и на земјата. Одете и научете ги сите народи, крштавајќи ги во името на Отецот, и Синот, и Светиот Дух, и учејќи ги да пазат сè што сум ви заповедал; и ете, Јас сум со вас преку сите дни до свршетокот на светот.“

Овој текст може да се разложи на три различни но сепак поврзани заповеди:

1. Одете и научете ги сите народи.

Марко 16,15

„Па им рече: „Одете по сиот свет и проповедајте го Евангелието на секое создание.“

Кога пишувал во црквата во Ефес за евангелието, Павле во Ефесјаните 1,13 рекол:

„Во Него и вие, откако го слушнавте словото на вистината - Евангелието за вашето спасение, и откако поверувавте во Него, станавте запечатени преку ветениот Свети Дух“

Ние имаме одговорност да ја исполниме оваа заповест и да го проповедаме евангелието за спасението.

Правејќи го тоа, ве повикувам искрено да се молите и да го слушате водството на Светиот Дух. Треба да ја познаваме Библијата и пораката што таа ја содржи, да ги знаеме стиховите и да можеме успешно да ги користиме во изразувањето на нашата

благодарност што Исус дошол во тело, умрел како жртва за нашите гревови, и што воскреснал и се вознел на небото. Затоа ние сме примиле проштавање и имаме надеж, во воскресение и вечен живот.

2. Одете и научете ги сите народи, крштавајќи ги во името на Отецот, и Синот, и Светиот Дух. Втора конкретна заповед е да крштаваме, и Марко 16,16 вели:

„Кој ќе поверува и се крсти, ќе биде спасен; а кој не поверува, ќе биде осуден".

Крштавањето е церемонијално дело кое ја симболизира одлуката што сме ја донеле. Крштавањето е исто така и симбол на смртта, закопот и воскресението на нашиот Господ. Ние се поистоветуваме со таа смрт и го убиваме нашиот стар човек за гревот.

Римјаните 6,3-6.

„Зар не знаете дека сите оние што бевме крстени во Исус Христос, во Неговата смрт бевме крстени. И така, ние се погребавме со Него преку крштавањето во смртта, за да можеме, како што Христос воскресна од мртвите преку славата на Отецот, и ние така да живееме нов живот. Зашто, ако сме сраснати со Него во еднаква смрт, ќе бидеме соучесници и во воскресението, знаејќи дека нашиот стар човек е распнат со Него, за да биде уништено гревовното тело, па да не бидеме веќе робови на гревот."

Одете... учејќи ги да пазат сè што сум ви заповедал;.

Не е потребно се да научиме пред да почнеме да ги учиме другите. Кога нешто ќе научите, и кога сте ПОСЛУШНИ на тоа, тогаш вие сте најдобрата личност која може да ги научи на тоа и другите.

Ако ја држите саботната заповед, и знаете зошто го правите тоа, нема никаква причина зошто не би можеле да ги учите другите за саботата.

Гледајќи го нашиот стих од Матеј, верувам дека заповедта вели дека тоа е одговорност на сите верници. Сите треба да одиме

и да пронаоѓаме ученици, да ги крстиме и да учиме. Ако сте го примиле евангелието на Исуса Христа, и ако сте го прифатиле дарот на спасението, ако разбирате што Исус направил за вас, тогаш вие совршено можете на другите да им кажете што сте примиле: мир и проштавање преку Исуса Христа.

Ако сте се крстиле, разбирајќи го значењето и важноста на крштевањето, тогаш вие совршено можете и другите да ги учите за тоа што е крштевањето и да ги водите кон крштевање.

## ЕВЕ ЈАС СУМ СО ВАС ВО СИТЕ ДЕНОВИ

Исус вели дека ја добил сета сила. Потоа во 20. стих Тој вели дека е со нас во сите денови до крајот на векот. Овде го наоѓаме Исуса, со сета своја сила што ја добил, како зборува дека секогаш ќе биде со нас.

Со оглед на непријателството на сатаната и на сето противење што ја предизвикува при ширењето на Речта, не можеме да успееме во тоа без Христовата сила.

За жал, сатаната не е наш единствен противник во исполнувањето на оваа заповед. Ние можеме самите себеси да си бидеме непријатели. Често смислуваме причини зошто не можеме да се вклучиме во мисионската работа.

Многумина од нас се презафатени. Можеби едноставно немаме време. Заборавме дека Бог вели дека СЕТО време му припаѓа Нему.

Но, ако дозволиме дека Светиот Дух да н води, ќе имаме време, зашто го имаме Исуса, кој со својата сила ќе не зајакне и тогаш можеме да ја извршуваме оваа задача со Негова помош.

## НАШИОТ СОПСТВЕН ДВОР

Мнозина мислат дека мораат да одат во далечни земји за да го остварат овој налог. Но што е со луѓето во вашето место? Сите ние имаме свој мал свет во кој престојуваме од ден во ден. Нашата работа, нашите пријатели, нашето семејство, оние со кои се дружиме. Понекогаш се дружиме. Понекогаш се дружиме са-

мо со други христијани, и нашите односи со неверните се многу ограничени,

Но, ако побараме примери во Библијата, дали Исус и Неговите ученици се дружеле само со христијаните?

Тешко дека неверните ќе ги пронајдеме во црквата. Мораме да одиме таму каде се наоѓаат тие. Мораме да бидеме светлина во темнината. Мораме да ОДИМЕ. Тоа го рекол Исус. ОДЕТЕ, и научете ги сите народи...“

Еден од големите проблеми на црквата е тоа што таа е толку зафатена учејќи се себеси како да го оствари големиот налог што нема време да оди и да го оствари тоа.

Треба да ОДИМЕ. Имаме многу луѓе кои овде во ____________ чекаат да го слушнат евангелието.

АКЦИЈА

Повикани сме да бидеме народ од акција, а не да стагнираме.

Кога Исус ги поделил овците од јарците во Матеј 25, Тој ги поделил оние кои презеле акција од оние кои тоа не го направиле.

Матеј 25,31-45.

Говорејќи за светлината на светот во Матеј 5,14-16, Исус рекол:

„ Вие сте светлината на светот. Не може да се сокрие град, што се наоѓа на врв планина. Ниту, пак, светило се пали и става под поклопец, туку на свеќник, и им свети на сите в куќи. Така треба да свети пред луѓето и вашата светлина, за да ги видат вашите добри дела и да Го прослават вашиот Отец небесен!“

Јасно е дека Библијата н повикува да бидеме луѓе од акција, и додека ја слушаме Речта, Исус ќе биде со нас да н води и да н штити.

БЛАГОДАРНОСТ

Мораме да запомниме дека секогаш ќе има такви кои ќе н одбијат. Тие н не одбиваат нас, тие го одбиваат Исуса. Ние сме са-

мо гласници, а Исус е пораката.

Треба да бидеме благодарни што живееме во место и земја каде релативно слободно можеме да го слушаме Исусовиот налог. Многумина на овој свет ја немаат таа слобода.

Кога Исус ги испратил своите ученици да одат по светот, да учат и да крштаваат, често с што имале било Неговото ветување дека ќе биде со нив.

Сакам во своите мисли да ја видите сликата какви биле тие први години за христијаните.

ПРОГОНСТВА

Знаеме дека христијаните биле прогонети уште од Христово време. Знаеме дека Павле, пред да стане апостол, ги фаќал и ги прогонувал христијаните. Кога се обратил, тој самиот станал предмет на прогонство. Зошто? Само затоа што бил христијанин. Дали тој се сокрил? Не, тој продолжил да ја носи Исусовата реч на незнабожците, без оглед на околностите, прогонства и затвор, па и смртта.

Во Дела 16,22-24 наоѓаме еден опис за затворањето на Павле.

„Тогаш се нафрли на нив народот; а управниците, штом им ги раскинаа алиштата, започнаа да ги тепаат со стапови; и, откако ги испотеп аа многу, ги фрлија в затвор, а на затворскиот стражар му наредија да ги чува добро. А стражарот, штом прими таква заповед, ги фрли во внатрешниот дел од затворот и нозете им ги стегна во клада“.

Рим во тоа време многу малку обраќал внимание на христијаните. Но 64. година од новата ера, под Императорот Нерон, христијаните доживеале едно од своите први прогонства бидејќи биле обвинети за спалување на Рим. Се смета дека во тоа време Петар и Павле умреле со маченичка смрт.

Во 107. година од новата ера, Рим прогласил дека христијанството е илегална религија. Христијаните постојано биле прогонети во текот на следните неколку векови, с до времето на Диоклецијан и Галерија, постариот и помладиот император на запад.

Во почетокот на 303. година од новата ера, Диоклецијан, постариот император на Римското царство, наговорен од младиот император Галириј, го издал првиот декрет против христијаните.

Тие ги избркале христијаните од институциите како што била војската, бидејќи ги терале војниците да им принесуваат жртви на паганските богови, и ги отпуштале кога тоа го одбивале. Но во 303. година работите станале многу полоши.

По овој прв декрет, требало да се уништат сите црковни згради. Светите Списи и другите книги биле спалени. Црковниот имот бил конфискуван. Општествениот статус на христијаните се намалил. Ако биле дел од некој судски процес, пред сослушувањето морале да принесат жртва на паганските богови. Слободните христијани станувале робови.

Набргу, веројатно во пролетта истата година, бил издаден уште еден декрет: Христијаните се ставени надвор од законот, Римјаните на сите страни ги апселе водачите на црквите и ги фрлале во зандани. Римската влада го земала имотот на христијаните.

Кон крајот на 303. година, Диоклецијан подготвувал прослава за своето владеење и како знак на добра волја, се понудил да ги ослободи христијаните од затворите само ако принесат жртви на паганските богови.

На почетокот на 304. Година бил издаден уште еден декрет. Целото население на Рим требало да принесе жртва или, во спротивно, ќе добие смртна казна. Ова прогонство продолжило с до 312 година, кога Миланскиот едикт го легализирал христијанството.

Во текот на тоа време, христијаните биле мачени и убивани. Максимус, император во Палестинското подрачје, ги сакател христијаните кои одбивале да принесат жртви. Во другите делови на империјата ги фрлале пред диви ѕверови.

## ШТО ЗНАЧИ ТОА ЗА НАС

Гледајќи го ова време, размислете колку е поинаков нашиот живот. Но сепак, во тоа време кога - да се биде христијанин – зна-

чело смрт, христијанството се ширело.

Дали би биле повеќе склони да го шириме евангелието кога христијанството би било ставено надвор од законот, кога нашите цркви би биле спалени, кога проповедниците и старешините би биле уапсени, фрлени во темница, мачени и убиени?

Замислете го времето кога не сте смееле јавно да го објавите своето христијанство, плашејќи се од тоа дека ќе бидете убиени. Замислете ги состаноците во тајните гробници под градот, бидејќи ниту едно друго место не било безбедно. Замислете да имате тајни симболи со кои сте се препознавале како христијани (риба во прашина). Но, замислете колку утеха сте имале во Исуса, кој рекол дека ја има сета сила и дека секогаш ќе биде со нас, дури тогаш кога би стоеле среде Римскиот колосеум одбивајќи да принесете жртва, знаејќи дека наскоро ќе бидете фрлени пред лавовите. Овие зборови би имале ново значење за вас. Се молам никој да не доживее такво нешто.

Прогонството и понатаму е околу нас, дури и денес низ светот. Не е потребно да се вратиме во времето на Диоклецијан за да го видиме тоа. Има многу работи за кои треба да бидеме благодарни.

## ЗАКЛУЧОК

Во нашата црква има многу причини за благодарност, многу услишени молитви и прекрасни начини на кои Господ го водел нашиот живот. Посебно треба да бидеме благодарни што Исус умрел за нашите гревови, ја платил казната за нашите престапи, и што ни понудил вечен живот со Него. Ајде да ги оствариме последните Исусови зборови од Матеј, да го исполниме Неговиот налог!

ГРАДИВО ЗА САБОТНА ШКОЛА
4/2017

Мисионски проповеди

Излегува тримесечно

***Издава:***
Христијанска адвентистичка
црква, црква на адвентистите на
седмиот ден

***Одговара:***
Томе Трајков

***Превод и подготовка:***
Мелита Томовска

***За интерна употреба***